# Информација
# за извршени оперативни активности на
# ЈП Комунална хигиена за месец февруари /2023

## ВОВЕД

Својата дејност од јавен интерес Претпријатието ја извршува согласно Годишната програма за постапување со отпадот на ниво на Град Скопје која по предлог на Градоначалникот ја усвојува/донесува Советот на Градот.

Дејноста на Претпријатието е поделена на основна која е составена од два сегмента, како и дополнителни дејности и вонредни активности и тоа:

### I. Основна дејност:

- Собирање и транспортирање на комунален отпад и селектирање и третирање на секундарна суровина;
- Одржување на јавната чистота на јавните сообраќајни површини;

### II. Дополнителни дејности

- Подигнување на згазени и умрени животни
- Подигнување –собирање на кабаст отпад,шут и
- Третман на фекални води/чистење на септички јами;

### III. Други оперативни активности

- Еко – патрола и дежурен телефон;
- Еколошка едукација

### IV. Вонредни активности

Собирањето и транспортирањето на комуналниот отпад од физичките лица/домаќинства во урбаниот дел на подрачјето на Град Скопје се врши од садови за негово времено одлагање – контејнери од 1,1 м$^3$, 3 м$^3$, 3,2 м$^3$ и 5 м$^3$ како и пластични канти од 120л, а во руралните средини со канти од 120 литри и контејнери од 1,1 м$^3$.

На подрачјето на Градот поставен е следниот број на садови за времено сместување на комуналниот отпад:

| | |
|---|---|
| **1.Контејнери од 1,1 м$^3$, 3,2 м$^3$ и 3,3 м$^3$** | |
| - поставени во урбани средини од 1,1 м$^3$ | 3.309 |
| - поставени во рурални средини од 1,1 м$^3$ | 147 |
| - контејнери од 3,2 м$^3$ | 520 |
| - контејнери од 3,3 м$^3$ (подземни контејнери) | 113 |
| - контејнери од 3 м$^3$ и 5 м$^3$ (полуподземни) | 6 |
| **2. Пластични канти од 120 литри/собирни места** | |
| - поставени пластични канти од 120 литри во урбани средини | 65.438 |
| - поставени пластични канти од 120 литри во рурални средини | 18.676 |
| - импровизирани садови во рурални средини | 1.277 |

За функционално собирање и транспортирање на комуналниот отпад, подрачјето на Градот опфатено со Генералниот урбанистички план е поделено на 75 Блока и тоа :

- 20 блока со контејнери од 1,1 $м^3$
- 6 блока со контејнери од 3,2 $м^3$
- 2 блока со подземни контејнери од 3,3 $м^3$
- 1 блок со полуподземни контејнери од 3 $м^3$ и 5$м^3$
- 46 блока со пластични канти од 120 литри

Согласно Годишната програма и Оперативниот план, празнењето односно подигањето на комуналниот отпад од поставените контејнери се врши 6 пати во неделата во 3 смени во текот на денот, додека од пластичните канти 2 пати неделно.

Микролокациите на садовите за времено одлагање на комуналниот отпад поставени на јавнопрометните површини ги определува надлежен градски орган,согласно сообраќајно - урбанистичките услови, нормативи/критериуми и друга регулатива.

## I. Собирање и транспортирање на комунален отпад

Во месец февруари/2023 година собрани и транспортирани се **10.645 тони** комунален отпад или просечно **380 тони** дневно.Направени се **1.895 тури** односно во просек **68 тура** дневно.

Од вкупно подигнатиот комунален отпад по видови на садови од вкупната количина на отпадот – 10.645 тони, од контејнери од 1,1/3,2 $м^3$ е подигнато 5.577 тони или 52,39%, од канти од 120 л. подигнато е 4.342 тони или 40,79% и од контејнери од 5 $м^3$ подигнато е 726 тони или 6,82%.

Вкупно подигнатиот комунален отпад во м.февруари/2023 година изнесува 10.645 тони и во споредба со м.јануари/2023 година кога беа подигнати 11.908 тони, бележи намалување за 1.263 тони или за 10,61 %.

Собраниот и транспортиран комунален отпад од контејнери од 1,1/3,2 $м^3$ кој во м.февруари/2023 изнесува 5.577 тони, во споредба со м. јануари/2023– 6.139 тони, бележи намалување за 562 тони односно за 9,15%.

Вкупно собраниот комунален отпад од канти од 120 л. (урбан и рурален дел) за м. февруари/2023 изнесува 4.342 тони и истиот во споредба со м. јануари/2023 – 4.994 тони е намален за 652 тони или за 13,06%.

Кај отпадот собран од правни лица, каде во м.февруари /2023 се собрани 726 тони, во однос на м. јануари/2023 – 775 тони, бележиме намалување од 49 тони односно за 6,32 %.

Вкупно подигнатиот комунален отпад во м.февруари/2023 година изнесува 10.645 тони и во споредба со м.февруари/2022 година кога беа подигнати 11.228 тони, е намален за 583 тони односно 5,19%.

Кај направените тури во м.февруари/2023 година – 1.895 тури, бележиме зголемување за 104 тури во однос на истиот месец во 2022 година кога беа направени 1.791 тури, односно зголемување за 5,81%.

Во следниот Преглед дадени се количините на собран и транспортиран комунален отпад по видови на садови (изразено во кг.) за м.февруари/2023 споредено со м. јануари/2023 година:

**Собран и транспортиран комунален отпад по видови на садови за м.февруари/2023**

| Дата | Собран отпад од домаќинства | | | | Собран отпад од правни лица (контејнери од 5 м³) | Вкупно КХС |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Контејнери од 1,1 м³ | Канти од 120 л. | Рурални | Вкупно Канти од 120 л. и рурални | | |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5(3+4) | 6 | 7(2+5+6) |
| **01.02.2023** | **191.320** | 150.380 | 42.460 | **192.840** | **30.800** | **414.960** |
| **02.02.2023** | **201.580** | 127.120 | 45.660 | **172.780** | **41.900** | **416.260** |
| **03.02.2023** | **210.880** | 132.240 | 54.460 | **186.700** | **39.600** | **437.180** |
| **04.02.2023** | **196.800** | 101.700 | 0 | **101.700** | **6.820** | **305.320** |
| **05.02.2023** | **177.200** | 0 | 0 | **0** | **6.620** | **183.820** |
| **06.02.2023** | **212.800** | 156.760 | 31.680 | **188.440** | **35.520** | **436.760** |
| **07.02.2023** | **182.740** | 158.560 | 46.200 | **204.760** | **38.200** | **425.700** |
| **08.02.2023** | **188.460** | 142.660 | 37.700 | **180.360** | **33.160** | **401.980** |
| **09.02.2023** | **189.120** | 103.400 | 40.520 | **143.920** | **33.400** | **366.440** |
| **10.02.2023** | **185.800** | 113.580 | 40.840 | **154.420** | **26.900** | **367.120** |
| **11.02.2023** | **189.380** | 90.200 | 7.860 | **98.060** | **5.040** | **292.480** |
| **12.02.2023** | **180.400** | 34.280 | 0 | **34.280** | **6.680** | **221.360** |
| **13.02.2023** | **192.860** | 192.560 | 40.780 | **233.340** | **33.380** | **459.580** |
| **14.02.2023** | **237.200** | 145.920 | 44.400 | **190.320** | **30.640** | **458.160** |
| **15.02.2023** | **175.320** | 155.860 | 39.260 | **195.120** | **32.140** | **402.580** |
| **16.02.2023** | **203.220** | 145.640 | 41.540 | **187.180** | **37.140** | **427.540** |
| **17.02.2023** | **176.480** | 124.280 | 50.560 | **174.840** | **35.320** | **386.640** |
| **18.02.2023** | **193.760** | 93.820 | 0 | **93.820** | **5.340** | **292.920** |
| **19.02.2023** | **188.940** | 14.420 | 0 | **14.420** | **6.820** | **210.180** |
| **20.02.2023** | **229.900** | 163.820 | 48.640 | **212.460** | **29.320** | **471.680** |
| **21.02.2023** | **218.200** | 195.620 | 48.940 | **244.560** | **33.100** | **495.860** |
| **22.02.2023** | **195.740** | 130.440 | 43.360 | **173.800** | **33.440** | **402.980** |
| **23.02.2023** | **195.740** | 144.940 | 48.680 | **193.620** | **34.440** | **423.800** |
| **24.02.2023** | **219.900** | 136.260 | 57.600 | **193.860** | **33.860** | **447.620** |
| **25.02.2023** | **206.680** | 134.720 | 2.760 | **137.480** | **6.720** | **350.880** |
| **26.02.2023** | **211.180** | 5.440 | 0 | **5.440** | **5.420** | **222.040** |
| **27.02.2023** | **197.060** | 167.040 | 50.060 | **217.100** | **32.980** | **447.140** |
| **28.02.2023** | **228.320** | 167.580 | 49.020 | **216.600** | **30.840** | **475.760** |
| Се вкупно | **5.576.980** | **3.429.240** | **912.980** | **4.342.220** | **725.540** | **10.644.740** |
| Јануари | 6.138.560 | 3.891.960 | 1.102.380 | 4.994.340 | 775.040 | 11.907.940 |
| Разлика | -561.580 | -462.720 | -189.400 | -652.120 | -49.500 | -1.263.200 |

Во Прегледот што следи дадени се собраните количини на отпад (во тони) и турите од ЈП Комунална хигиена на подрачјето на Град Скопје и во руралните средини за период 01.01 до 28.02.2023 година:

| Месец | ЈП КХС – урбани средини | | ЈП КХС – рурални средини | | Вкупно собран отпад | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Собран отпад | Тури | Собран отпад | Тури | Собран отпад | Тури |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 (2+4) | 7 (3+5) |
| Јануари | 10.806 | 1.779 | 1.102 | 248 | 11.908 | 2.027 |
| Февруари | 9.732 | 1.674 | 913 | 221 | 10.645 | 1.895 |
| **Вкупно:** | **20.538** | **3.453** | **2.015** | **469** | **22.553** | **3.922** |

- **Собирање и транспортирање на комунален отпад од рурални средини**

Со собирање и транспортирање на комуналниот отпад од руралните средини во околината на Град Скопје опфатени се населените места од Општините: Кисела Вода, Аеродром, Гази Баба, Бутел, Карпош и Сарај.

Собирањето и транспортирањето на комуналниот отпад е со утврдена динамика од еднаш седмично и ангажирани се 10-12 специјални возила.

Во месец февруари/2023 година собраниот и транспортиран комунален отпад изнесува 913 тони и во споредба со м. јануари /2023 година кога беа подигнати 1.102 тони бележи намалување за 189 тони или за 17,15%. Направени се вкупно 184 тури.

| Ред. бр. | ОПШТИНА/БЛОК | Број на домаќинства | Подигнат отпад ( во кг.) |
|---|---|---|---|
| 1. | Кисела Вода | | |
| | Вкупно: | 2.862 | **158.820** |
| 2. | Аеродром | | |
| | Вкупно: | 690 | **34.080** |
| 3. | Бутел | | |
| | Вкупно: | 3.735 | **175.440** |
| 4. | Гази Баба | | |
| | Вкупно: | 7.458 | **293.440** |
| 5. | Карпош | | |
| | Вкупно: | 635 | **23.340** |
| 6. | Сарај | | |
| | Вкупно: | 4.573 | **227.860** |
| | ***СЕ ВКУПНО:*** | ***19.953*** | ***912.980*** |

**Селекција на отпад**

Во рециклажниот двор, отпадот собран од страна на ЈП Комунална хигиена – Скопје, каде ПЕТ амбалажата се собира, пресува и складира, како и стаклото, хартијата и картонската амбалажа кои се собираат и складираат се предава на Нутривет - Пакомак.

Следи Преглед на собрани и предадени количини на ПЕТ амбалажа, хартија, картонска амбалажа, стакло и лименки на Нутривет - Пакомак за период од 01.01 до 28.02.2023 година:

**Собрани и предадени количини на ПЕТ амбалажа, хартија, картонска амбалажа, стакло и лименки**

| Месеци | ЈП Комунална хигиена | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2023 година | ПЕТ амбалажа и најлон (кгр) | Хартија и карт.кутии (кгр) | Стакло (кгр) | Лименки (кгр.) |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| **Јануари** | 0 | 26.000 | 34.600 | 0 |
| **Февруари** | 0 | 0 | 33.770 | 0 |
| ***Вкупно:*** | ***0*** | ***26.000*** | ***68.370*** | ***0*** |

## Одржување на јавната чистота

Во периодот од 01.02 до 28.02.2023 година, од вкупно планираната површина од 34.315.005 м$^2$ остварено е 30.335.200 м$^2$ или 11,60% помалку во однос на планираната.

Во Прегледите што следат може да се види планираното и оствареното по Општини, како и остварените зафати вкупно за сите Општини.

**Планирано и остварено по Општини и категории за м.февруари/2023**

| | ОПШТИНА | Планирано - м2 | Остварено - м2 | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| Прва Категорија | Центар | 9.512.568 | 7.320.000 | |
| | Кисела Вода | 0 | 0 | |
| | Аеродром | 0 | 0 | |
| | Карпош | 0 | 0 | |
| | Чаир | 774.280 | 720.000 | |
| | Бутел | 0 | 0 | |
| | Гази Баба | 0 | 0 | |
| | Ѓорче Петров | 0 | 0 | |
| | Шуто Оризари | 0 | 0 | |
| | **Вкупно:** | 10.286.848 | 8.040.000 | **78,30** |
| Втора Категорија | ОПШТИНА | Планирано - м2 | Остварено - м2 | Индекс |
| | Центар | 7.667.166 | 6.816.000 | |
| | Кисела Вода | 1.504.880 | 1.508.000 | |
| | Аеродром | 1.293.838 | 1.376.000 | |
| | Карпош | 4.047.290 | 3.840.000 | |
| | Чаир | 2.899.520 | 2.688.000 | |
| | Бутел | 493.168 | 504.000 | |
| | Гази Баба | 1.606.280 | 1.536.000 | |
| | Ѓорче Петров | 906.282 | 840.000 | |
| | Шуто Оризари | 25.480 | 23.520 | |
| | **Вкупно:** | 20.443.904 | 19.131.520 | **93,58** |
| Трета Категорија | ОПШТИНА | Планирано - м2 | Остварено - м2 | Индекс |
| | Центар | 463.030 | 432.000 | |
| | Кисела Вода | 319.176 | 288.000 | |
| | Аеродром | 664.664 | 576.000 | |
| | Карпош | 697.970 | 504.000 | |
| | Чаир | 335.348 | 288.000 | |
| | Бутел | 224.770 | 216.000 | |
| | Гази Баба | 574.158 | 504.000 | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Ѓорче Петров | 231.790 | 288.000 | |
| | Шуто Оризари | 73.320 | 67.680 | |
| | **Вкупно:** | 3.584.255 | 3.163.680 | **88,27** |
| **Се вкупно:** | | **34.315.005** | **30.335.200** | **88,40** |

**Вкупно остварени зафати за м.јануари – Одржување на јавната чистота**

| **СЕ ВКУПНО ЗА СИТЕ ОПШТИНИ** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Категорија | рачно метење | машинско метење (мали метл.) | машинско метење (големи метл.) | машинско перење | рачно перење | вкупно по смена |
| прва | 6.930.000 | 600.000 | 0 | 0 | 0 | 7.530.000 |
| втора | 6.655.520 | 300.000 | 8.400.000 | 0 | 0 | 18.355.520 |
| трета | 2.893.680 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.893.680 |
| **Вк. по зафат** | **19.479.200** | **900.000** | **8.400.000** | **0** | **0** | **28.779.200** |

## II. Дополнителни дејности

- **Подигнати згазени и умрени животни од улиците на Град Скопје**

| **2023 г.** | **Подигнати животни** | | | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|
| | **Кучиња** | **Мачки** | **Др.доб.** | |
| **Вкупно** | **29** | **28** | **0** | **57** |

## III. Други оперативни активности

- **ЕКО - патрола**

За месец февруари/2023 година Еко патрола има направено вкупно 50 записници од кои: 45 за комунален отпад и 5 едукативни.Откриени се 133 м$^3$ отфрлен градежен отпад и шут, кабаст отпад и гранки, истите се расчистени до крајот на месецот.

Во табелата што следи може да се види бројот на направените записници за комунален отпад и едукативни записници по Општини:

| **Ред. бр.** | **ОПШТИНИ** | **Записници за комунален отпад** | **Откриен отпад м$^3$** | **Едукативни записници** | **Вкупно направени записници** |
|---|---|---|---|---|---|
| **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | **6(3+5)** |
| 1. | Општина Центар | 2 | 4 | 0 | 2 |
| 2. | Општина Карпош | 9 | 27 | 2 | 11 |
| 3. | Општина Аеродром | 13 | 43 | 2 | 15 |
| 4. | Општина К.Вода | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 5. | Општина Чаир | 14 | 31 | 1 | 15 |
| 6. | Општина Бутел | 2 | 6 | 0 | 2 |
| 7. | Општина Гази Баба | 3 | 18 | 0 | 3 |
| 8. | Општина Ѓ. Петров | 2 | 4 | 0 | 2 |
| 9. | Општина Ш. Оризари | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Вкупно записници:** | | **45** | **133** | **5** | **50** |

- **Дежурен телефон**

Во месец февруари/2023 г. на дежурниот телефон регистрирани се 128 јавување од граѓани. Најголемиот број од нив – 86 повици се однесуваат за неподигнат отпад од канти и контејнери, како и на повици за подигнување на кабаст отпад и шут – 24 повици.

Службите реагираат на јавувањата во најкус можен рок.

- **Еколошка едукација**

Одделението за Маркетинг и односи со јавност, во делот на подигнување на јавната свест за одржување на јавната чистота, во соработка со основните училишта и градинките на територија на Град Скопје организира промотивни и едукативни кампањи.

Во м.февруари/2023 година, се спроведоа Еко предавања во две основни училишта во Општините Бутел каде беа опфатени 53 ученици и во една градинка во Општина Аеродром каде предавањата ги следеа 70 деца од предшколска возраст.

## IV. Вонредни активности

Во текот на м.февруари/2023 година, ЈП Комунална хигиена Скопје беше ангажирана во расчистување на диви депонии од комунален отпад (градежен шут,земја,гранки и друго) во сите општини на територијата на Град Скопје каде се расчистени вкупно 1.010 $м^3$ отфрлен отпад.

**Одделение за План и анализа**
**март, 2023 г.**

**Изготвил:**
Раководител на Одделение План и анализа
**Емилија Владимирова**

**Контролирал:**
Раководител на Сектор за финансиски работи
**Катерина Бошковска**

**Одобрил:**
Пом. на Директорот за финасиски и правни работи
со овластување
**Елена Дудулоска**